# Пикасо во постојана поставка нè става на светската културна мапа

КУЛТУРА   10.03.2014 15:06

**По земјотресот оваа збирка имала околу 1.800 дела, а сега во сопственост на МСУ се наоѓаат 3.128 дела од околу 2.000 светски автори и 1.939 дела од 300 национални уметници. Ние сме единствен музеј на Балканот, а можеби и пошироко, со ваква импозантна збирка, вели Елиза Шулевска**

Ми се допаѓа 0   Сподели   Испрати



Музејот на современа уметност во Скопје, по педесет години повторно ја отвори постојаната поставка за домашната и за меѓународната јавност. Во трите реновирани сали се изложени вкупно 330 ликовни дела од врвни странски и домашни уметници. Сликите, скулптурите, графиките, фотографиите и инсталациите, кои со децении собираа прав во депото на МСУ. А во него – вистинско богатство. Повеќе од 5.000 уметнички дела.

**– Оваа колекција е, сигурно, една од најбогатите на Балканот** – вели Елиза Шулевска, директорката на МСУ.

„Солидарноста, недовршен проект?“ е насловот на постојаната поставка, која сите толку долго чекаа да биде отворена. Со изложбата се одбележа и 50-годишнината од основањето на Музејот.

**– Основан е на 11 февруари 1964 година од Собранието на град Скопје. Идејата се родила по катастрофалниот земјотрес, кога уметници од цел свет со својата уметност се обиделе да му помогнат на градот. Негов прв директор бил Борис Петковски, а поставката била отворена сè до распаѓањето на поранешна Југославија. Откако биле поместени во депото, уметничките дела веќе не биле вратени во салите бидејќи биле толку девастирани што постоела опасност да се оштетат. Иако во изминатата деценија имаше извесни обиди да се санира музејската зграда, ниту еден од нив не беше доволно сериозен за да гарантира безбедност на делата** – рече Шулевска.

Минатата година МСУ ги затвори портите за јавноста и почна големата реконструкција. Во првиот салон, наречен „Македонија“, ве пречекува скулптура-инсталација и прекрасен акварел од Александер Калдер. Про-

сторот е поделен со подвижни паноа, а така може да се постават и повеќе дела. Кон крајот на галеријата има само една белина на ѕидот. Веќе е јасно – тука е изложена сликата на големиот Пабло Пикасо.



Во втората изложбена сала, наречена „Скопје“, се поставени графики и фотографии. Најголеми градежни зафати беа извршени во последната застаклена сала наречена „Пикасо“. Овој старо-нов простор е и најголемото освежување во МСУ. Извадени се старите системи за климатизација, поставени се нови безбедносни стакла со дифузна фолија, која не ги оштетува делата, нови клима-уреди, навлажнувачи на воздухот. Во сите сали има ново осветление.

По земјотресот оваа збирка имала околу 1.800 дела, а сега во сопственост на МСУ се наоѓаат 3.128 дела од околу 2.000 светски автори и 1.939 дела од 300 национални уметници.

**– Ние сме единствен музеј на Балканот, а можеби и пошироко, со ваква импозантна збирка. Со отворањето на оваа изложба ќе се вброиме како една од најважните културни точки во градот** – вели Елиза Шулевска.





Реконструкцијата ја финансира Министерството за култура со приближно 24 милиони денари. Според Шулевска, постојаната поставка е срцето на


Две нови продукции во Велешки театар




Хуманитарен концерт на Дино Имери во Македонската опера и балет



Оскаровската „Ничија земја“ на сцената на МНТ во режија на Александар Морфов



Кинотека одбележува 90 години од раѓањето на Димитрие Османли



Свечено отворен Филмскиот фестивал на Југоисточна Европа во Берлин

**Тагови**

Музеј На Современа Уметност

Пабло Пикасо

Популарно


## АНКЕТА

**Дали сметате дека на Македонија ѝ се потребни предвремени парламентарни избори кои би се одржале заедно со локалните?**

- Да
- Не

Гласај

Резултати

секој музеј, па на неа треба да се обрне најголемо внимание. Таа нагласи дека ќе продолжи да се залага МСУ да добие депанданс во центарот на Скопје, каде што ќе може да се отвораат повремени изложби.

Во постојаната поставка се измешани делата на домашните и на странските уметници. Концепцијата ја подготвија кустосите-советници Захаринка Алексоска – Бачева, Лилјана Неделковска, Зоран Петровски и Марика Бочварова – Плавевска. Така, низ поставките може да се видат дела од големиот Пикасо, а наспроти него од Ордан Петлевски. Меѓу изложените дела се и од Ханс Хартунг, Виктор Вазарели, Пјер Суланж, Џаспер Џонс, Дејвид Хокни, Душан Перчинков, Родољуб Анастасов, Петар Хаџи-Бошков, Глигор Стафанов, Петре Николоски, Александар Станкоски и други.

**– Сметам дека е одлично да се види како нашите уметници се допираат со светските што твореле во приближно исто време** – вели Зоран Петровски, еден од авторите на изложбата, која содржи слики, скулптури, графики, фотографии и инсталации.

**– Сите изложени дела се темелно конзервирани и реставрирани, а селекцијата ја направи стручна комисија во состав: Захаринка Алексоска-Бачева, Лилјана Неделковска, Зоран Петровски, Марика Бочварова Плавевска** – вели Елиза Шулевска, директорка на МСУ.





Горниот кат на музејот, кој до скоро беше во најлоша состојба, е резервиран за авторите од поновата светска и македонска ликовна сцена како Александар Станковски, Славица Јанешлиева, Велимир Жерновски, Игор Тошевски, Едуардо Кац и други.

Поставката ќе има можност и за просторни модификации со помош на подвижните паноа, а како што најавуваат од МСУ, по некое време изложените дела ќе може и да ротираат, па од депоата да излезат и други досега неизложени дела. Во план е дополнително да се уредува и партерниот простор, кој во иднина ќе се претвори во „парк на скулптурите“, а се очекува градот да ги санира и скалите што се врска меѓу Калето и МСУ, кои во моментов се во мошне лоша состојба.

(Пишува: **Невена Поповска** | Фото: **Александар Ивановски**
Текст објавен во 78. број на неделникот „Република“, 28.02.2014)